Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-3376/3 од 27.07.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26-та седница одржана на 27.07.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2017-та година, бр.05-6650/1 од 22.12.2016 година, бр.05-2373/1 од 05.05.2017 година и бр.05-2792/1 од 15.06.2017 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 124.163.472,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука ќе се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 46.550,00 денари за период од 5 (пет) месеци од 2017-та година, додека потребните средства за 2018-та година ќе се предвидат со Финансискиот план за 2018-та година, и тоа:

- 2.450,00 денари ќе бидат наменети за Договор за одржување на модул за архивско работење. Годишниот договор за одржување на модулот за архивско работење ќе биде во износ не поголем од 5.860,00 денари, и
- 44.100,00 денари ќе бидат наменети за Договор за одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење. Годишниот договор за одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, ќе биде во износ не поголем од 105.800,00 денари.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука ќе се изврши со измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година и тоа:

- Групната ставка **400 Потрошени материјали** ќе се намали за 46.550,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 1.449.000,00 денари ќе изнесува 1.402.450,00 денари.

- Позицијата **400300 – Потрошени канцелариски материјали** ќе се намали за 46.550,00 денари и наместо сегашниот износ од 366.000,00 денари ќе изнесува 319.450,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на стоки – канцелариски материјали за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор во понизок износ од планираниот.

- Групната ставка **402 – Инвестиционо одржување на средствата** ќе се зголеми за 46.550,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 3.446.000,00 денари ќе изнесува 3.492.550,00 денари.

- Позицијата **402030 – Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа – хардвер и софтвер** наместо досегашниот износ од 1.170.000,00 денари ќе се зголеми за 46.550,00 денари и ќе изнесува 1.216.550,00 денари. Со наведеното зголемување ќе се обезбедат средства за одржување на модулот за архивско работење како и за одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење за период од 5 (пет) месеци од 2017-та година.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2017 година, со цел да се обезбедат средства во вкупен износ од 46.550,00 денари за период од 5 (пет) месеци од 2017-та година, додека потребните средства за 2018-та година ќе се предвидат со Финансискиот план за 2018-та година.

Од вкупно обезбедените средства во износ од 46.550,00 денари, 2.450,00 денари ќе бидат наменети за Договор за одржување на модул за архивско работење, додека 44.100,00 денари за Договор за одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење. Годишниот договор за одржување на модулот за архивско работење ќе биде во износ не поголем од 5.860,00 денари, додека годишниот договор за одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење ќе биде во износ не поголем од 105.800,00 денари.

За да се обезбедат 46.550,00 денари потребно е да се изврши измена на следните позиции, и тоа: Групната ставка 400 Потрошени материјали ќе се намали за 46.550,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 1.449.000,00 денари ќе изнесува 1.402.450,00 денари; Позицијата 400300 – Потрошени канцелариски материјали ќе се намали за 46.550,00 денари и наместо сегашниот износ од 366.000,00 денари ќе изнесува 319.450,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на стоки – канцелариски материјали за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор во понизок износ од планираниот; Групната ставка 402 – Инвестиционо одржување на средствата ќе се зголеми за 46.550,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 3.446.000,00 денари ќе изнесува 3.492.550,00 денари; Позицијата 402030 – Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа – хардвер и софтвер наместо досегашниот износ од 1.170.000,00 денари ќе се зголеми за 46.550,00 денари и ќе изнесува 1.216.550,00 денари. Со наведеното зголемување ќе се обезбедат средства за одржување на модулот за архивско работење како и за одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење за период од 5 (пет) месеци од 2017-та година.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2017 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 124.163.472,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-3376/3 од 27.07.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26-та седница одржана на 27.07.2017 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 02-3399/1**

**27.07 2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот,
- Секторот за правни и економско - финансиски работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи;
- Одделение за јавни набавки и општи работи, и
- Архивата на Агенцијата.